# Нема веќе ѓевреци и пуканки на Плоштадот во Скопје



*Со новиот правилник се забранува улична продажба*

Уличните продавачи на весници, ѓевреци, пуканки и на други производи ќе бидат отстранети од Плоштадот и од другите јавни површини. Град Скопје со Правилник за поставување привремени објекти, мебел и урбана опрема ќе го забрани ваквиот начин на давање трговски услуги. Од Градот велат дека Правилникот е подготвен и ќе се дистрибиура до сите скопски општини. Општините, според посебни графички прилози во Правилникот, ќе одлучуваат на кои места се исполнети стандардите за поставување времени објекти и урбана опрема. Според Правилникот, урбаната опрема што ќе се поставува на јавни пешачки површини ќе биде исклучително монтажна. Од Градот велат дека основна цел на Правилникот е да се среди хаосот во Градот, да не се нарушува редот, а граѓаните да имаат слободен пристап до сите станбени и јавни објекти.

Новиот правилник за поставување урбана опрема Градот го подготви во соработка и на барање на Општините, во чија надлежнсот со денцентрализацијата падна грижата за летните тераси на кафулињата и узурпирањето на јавните површини. *(В.Г.)*




Со знаење,искуство и примена на најсовремен CAD/CAM/CAE софтвер, модерни и современи CNC машини изработуваме:
– алати за бризгање на пластика
– алати за дување на пластика
– алати за термоформирање
– резни алати
– разни други машински делови

10 години | ТЕ ТЕ ПЛАСТ Скопје

Првомајска 6.б. (бивша стаклара) тел:02/2467741 факс:02/2467742
e-mail: teteplast@mt.net.mk http://www.teteplast.cjb.net




Фото: В. Тануровски

# Петгодишниот Драган ѕвезда на "Златна Буба мара"

На манифестацијата "Златна Буба мара на популарноста", завчеравечер публиката со својата точка ја воодушеви најмладиот кошаркарски талент Драган Пецев, кој има само пет години. Белградскиот весник "Курир" го нарече најголемиот кошаркарски талент на просторите на поранешна Југославија.

"Неговата кошаркарска умешност може да се спореди со акробациите на американските кошаркари од АНДИ тимот, кои неодамна во Белград ја победија екипата на Србија и Црна Гора во натпреварот за улична кошарка. На тој натпревар малиот Драган го имаше своето шоу и забавуваше 7.000 гледачи во салата ´Пионир´", пишува Курир.

Неговиот татко Златко Пецев вели дека Драган покажувал интерес за кошарка од двегодишна возраст. Тој е член на школата за кошарка "Талент скул" од Скопје. *(М.Ц.)*